# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 6 | Вторник, 29.04. 2008 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


**Содржина**


**Совет на општина Струмица:**

| | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **47.** | **Одлука** за пренамена на одобрени средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица………………………………….. | 2 |
| **48.** | **Буџетски** календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2009 година ………………. | 3 |
| **49.** | **Програма** за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја…………………………………… | 4 |
| **50.** | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица……… | 5 |
| **51.** | **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2008 година……… | 7 |
| **52.** | **Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година ……… | 7 |
| **53.** | **Заклучок** за усвојување на Годишната завршна сметка на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година………………… | 8 |


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за пренамена на одобрени средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица**

1. Се објавува Одлуката за пренамена на одобрени средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица, донесена на седницата

на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2304/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

**47.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.04.2008 година, донесе

**О д л у к а**
**за пренамена на одобрени парични средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица**

Член 1

Одобрените парични средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица во висина од 1.300.000 денари, а исплатени од Буџетот на општина Струмица за 2007 година, се пренаменуваат за изведување градежно занаетчиски работи на училишниот крак.

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи член 1 став 3 од Одлуката за одобрување на парични средства на СОУ “Јане Сандански” Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 13/07).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2304/1 Совет на општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2009 година

1. Се објавува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2009 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2300/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………….

**48.**

Врз основа на член 27 точка 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ’ број 96/04) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.04.2008 година, донесе

# Буџетски календар
# за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2009 година

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Април 2008 | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина Струмица |
| Мај-јуни 2008 | Совет на општината усвојува развојни документи | Совет на општина Струмица |
| 1-30 09/08 | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините | Чл.21 од Законот на Буџетите (“Сл.весник на РМ” бр. 64/04); чл.27 ст.1 и 2 од Законот за финансирање на ЕЛС (“Сл.весник на РМ” бр.61/04) |
| 05/10/ 2008 | Градоначалникот и Секторот за финансии и буџет се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година | Градоначалникот, Секторот за финан-сирање и буџет |
| 10/10/ 2008 | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатства се доставуваат до другите сектори и сите општински буџетски корисници заедно со писмото од Градоначалникот за зацртаните одредби | Сектор за финанси-рање и буџет |
| 25/10/ 2008 | Проценката на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Секторот за финансирање и буџет од останатите сектори и општинските буџетски корисници | Раководители на сек-тори - буџетски ко-рисници |
| 30/10/ 2008 | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализират и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Сектор за финанси-рање и буџет |
| Ноември 2008 | Градоначалникот ги разгледува и одобру-ва предложените предлог-буџетски пре-сметки и го одобрува Предлог-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет | Градоначалник |
| Ноември 2008 | а. Предлог-буџетот се доставува до Со-ветот на општината<br>б. Се одобрува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни расправи | Градоначалник |
| Декември 2008 | До Советот се доставува конечен Предлог- буџет од страна на градоначалникот | Градоначалник |
| Декември 2008 | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансии |
| Декември 2008 | 1.Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година<br>2.Доколку Советот не го усои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28 ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС (“Сл. весник на РМ”бр.61/04) | Совет на општина Струмица |

Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-2300/1 Советна општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2301/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………..

## 49.

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ("Сл. весник на РМ" број 66/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06-пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.04.2008 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен - обележја**

I

Во Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја ("Сл. гласник на општина Струмица" број 1/08) се вршат следните дополнувања:

II

Во точка 2 се додаваат:
3. Атанас Нивичански – Брадата
4. Ѓорги Абаџиев".

III

Во точка 3 на крајот од точката се додаваат два нови става и тоа:

"Атанас Нивичански – Брадата е еден од најистакнатите револуционери од илинденскиот и поилинденскиот перод во струмичкиот крај. Роден е во 1860 година во с. Нивичино. Учествувал во отпорот против турското ропство, а воедно собирал и чувал оружје за револуционерната организација. Во неговата куќа во с. Нивичино престојувала мисионерката Мис Стон пред да биде пуштена по успешно реализираниот откуп, а познат е и како чувар на оргиналниот печат на Огражденскиот – Окружен Македонско – Одрински комитет со седиште во с. Нивичино, кој во оригинална форма, од неговите потомци е предаден на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица. Починал 1946 година.

Ѓорги Абаџиев е познат македонски писател кој со успех ги обработувал темите од нашето историско минато и го истражувал фолклорното богатство на македонскиот јазик. Неговите трудови трајно ќе останат во ризницата на македонската култура. Автор е на книгите раскази "Труд и луѓе"."Последната средба", "Изгрев", "Раскази" (во која се сместени познатите раскази "Табакерата" и "Последната средба"), подолгата проза "Епопеја на ножот" и романите "Арамиско гнездо" и "Пустина". Роден е на 7 октомври 1910 година во Дојран, а починал на 1 август 1963 година, токму на 60 годишнината од Илинденското востание, за чии идеи работел за време на целиот свој живот".

IV

Во точка 4 се додава нов став 2 кој гласи:

Спомен – обележјата на Атанас Нивичански – Брадата и писателот Ѓорги

Абаџиев ќе бидат подигнати во форма на бисти.

V

Во точка 5 се додава нов став 2 кој гласи:

“Спомен – обележјата – бисти на Атанас Нивичански и Ѓорги Абаџиев ќе се подигнат во Струмица на места што ќе се определат со одлука на Советот на општина Струмица”.

VI

Во точка 7 се додава нов став 2 кој гласи:

“За остварување на Програмата за спомен – обележја – бисти на Атанас Нивичански и Ѓорги Абаџиев, средства ќе се обезбедат со спонзорство”.

VII

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2301/1 Советна општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2302/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**50.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 8 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06-пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.04.2008 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2008 година**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2008 година (“Сл. гласник на општина Струмица” број 24/07) во глава 4. Одредби за уредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се вршат следните измени и дополнувања:

Во делот 4.I. точка 3 се брише.
Во точка 4 по зборот “деловни” се додава зборот “јавни”.

Во истата точка во ставот 2 текстот се заменува со нов текст кој гласи:

“За пренамена од станбен во деловен простор се наплаќа за 1 м$^2$ разликата од станбен во деловен простор, нето развиена површина”.

Во делот 4.II. точката 2 се брише.

Во точка 3 по зборот “деловни” се додава зборот “јавни”.

Во оваа точка став 2 се заменува со нов текст кој гласи:

“За пренамена од станбен во деловен простор се наплаќа за 1 м$^2$ разликата од станбен во деловен простор, нето развиена површина”.

По точка 4. За други објекти се додава табелата за степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации.

| **Населени места** | **Улица, тротоар, јавен пат** | **Улична водоводна мержа** | **Главен довод за вода, прочис-тителна станица** | **Улична фекална канализа-ција** | **Улична атмосфе-рска канали-зација** | **Вкупен износ за на плата во де-нари** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва група: 800/1900 ден | | | | | | |
| | 50% | 10% | 15% | 15% | 10% | |
| Вељуса | + | / | / | / | / | 400/950 |
| Водоча | + | + | + | / | / | 600/1425 |
| Гр.Балдовци | + | / | + | / | / | 520/1235 |
| Дабиле | + | / | + | / | / | 520/1235 |
| Добрејци | + | / | + | / | / | 520/1235 |
| Просениково | + | / | + | / | / | 520/1235 |
| Банско | + | + | + | / | / | 600/1425 |
| Муртино | + | + | + | / | / | 600/1425 |
| Сачево | + | + | + | / | / | 600/1425 |
| Куклиш | + | + | + | + | / | 720/1710 |
| Баница | + | + | + | / | / | 600/1425 |

Во делот 4.III. точка 2 се брише.

Во точка 3 по зборот “деловни” се додава зборот “јавни”.

Во истата точка се брише ставот 2.

По точка 4. За други објекти се додава табелата за степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации.

| **Населени места** | **Улица, тротоар, јавен пат** | **Улична водоводна мержа** | **Главен довод за вода, прочис-тителна станица** | **Улична фекална канализа-ција** | **Улична атмосфер-ска канал-изација** | **Вкупен износ за на плата во денари** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Втора група: 400/950 ден | | | | | | |
| | 50% | 10% | 15% | 15% | 10% | |
| Попчево | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Рич | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Дорломбос | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Белотино | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Костурино | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Мемешли | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Орманли | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Раборци | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Габрово | + | + | + | / | / | 300/720 |
| Свидовица | + | / | / | / | / | 200/475 |
| Триводи | + | / | / | / | / | 200/475 |

Во делот 4.IV. во табелата станбени објекти во точка 4 по зборот “визба” се додава “и помошни објекти во селско стопански дворови”.

Во табелата деловни, јавни и производни објекти се додава нова точка 8 “трафостаници”, со коефициент 1.0.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2302/1 Совет на општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2303/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………………..

**51.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 24/08 – пречистен текст) и член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.04.2008 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2008 година**

Член 1

Со оваа Програма се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2008 година (“Сл. гласник на општина Струмица” број 24/07) и тоа :

Во делот на Програмата под 2. Планирани активности во делот III Урбанистички планови вон населени места се додава нов реден број и тоа:

- реден број 4, во делот “објекти” се додаваат зборовите “Стопанска зона Свидовица”, а во делот “износ денари” се додаваат зборовите “Буџет на Република Македонија”.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2303/1 Совет на општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2305/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**52.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницат одржана на 23.04.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Локалната установа библиотека

“Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2305/1 Совет на општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Локалната установа “Благој Јанков” Мучето” Струмица со финансов извештај за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица со финансов извештај за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.04.2008 година.

Број 08-2306/2 Градоначалник
24.04.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**53.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницат одржана на 23.04.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната завршна сметка на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица со финансов извештај за 2007 година**

1. Се усвојува Годишната завршна сметка на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица со финансов извештај за 2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-2306/1 Совет на општина Струмица
23.04.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.